**До**
**Владата на Република Македонија**
**- Кабинет на претседателот на Владата**
**С к о п ј е**

**ПРЕДМЕТ: Информација**

Народниот правобранител по повод поднесени претставки и врз основа на сознанија од средствата за јавно информирање во повеќе наврати покрена постапка за заштита на правата и интересите на корисниците на услугите на АД „ЕВН - Македонија" поради колективното исклучување на електричната енергија, при што се исклучуваат и корисниците кои редовно ги плаќаат сметките.

Исто така, Народниот правобранител од поднесените претставки констатира дека во одредени случаи исклучувањето на електричната енергија доведува до престанок на функционирање на системот на вода поради што граѓаните, меѓу кои и оние кои редовно ги подмируваат сметките за електрична енергија и за вода, остануваат без електрична енергија и без вода. Со таквиот начин на постапување на граѓаните не само што им се повредуваат правата како потрошувачи кои редовно ги исполнуваат своите обврски, а за тоа не добиваат соодветна услуга или производ, туку поради исклучувањето на електричната енергија и водата настануваат и материјални штети и се загрозува здравјето на граѓаните, особено на децата. Поради наведеното Народниот правобранител во неколку наврати интервенираше и укажа дека со колективното исклучување на електричната енергија се постапува спротивно на соодветната законска регулатива и неосновано се исклучуваат од електричната енергија потрошувачите кои континуирано и благовремено ги подмируваат обврските за потрошена електрична енергија и за вода.

Народниот правобранител укажувајќи на „ЕВН" дека на ваков начин се повредуваат правата на редовните плаќачи, воедно потенцираше дека нема ниту цел ниту намера да ги штити нередовните плаќачи на електрична енергија, ниту пак го оправдува физичкото или какво било друго малтретирање и спречување да се постапи согласно законската и подзаконската регулатива за секој потрошувач што не ги исполнува обврските.

Согласно член 78 од Законот за енергетика, операторот на дистрибутивниот систем е должен, меѓу другото, на секој потрошувач што е легално приклучен на дистрибутивната мрежа да му обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија, при што, според ставот 3 од овој член на Законот, може привремено да ја прекине испораката на електрична енергија при вршење планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширување на

мрежата, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување ризик од нарушување на електроенергетскиот систем. Начинот и постапката за прекинот на електричната енергија по претходно наведените основи се врши во согласност со мрежните правила за дистрибуција.

Согласно член 79, став 1, алинеја 2 од наведениот закон, операторот на дистрибутивниот систем е должен да обезбеди електрична енергија на недискриминаторна и транспарентна основа.

Според член 80 од Законот операторот е должен по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика да ги донесе и објави во Службен весник на Република Македонија мрежните правила за дистрибуција, при што во Законот е наведено што се треба да содржат мрежните правила и притоа не е предвидено дека во мрежните правила може да се утврди и постапката за колективно исклучување на електричната енергија во случај кога дел од потрошувачите не ги плаќаат редовно сметките за потрошена електрична енергија.

Согласно член 23 од наведениот закон, условите за снабдување со одделни видови електрична енергија поблиску се определуваат со условите и начинот на снабдување и меѓусебните права и обврски на снабдувачот и корисникот на соодветен вид енергија. Посебно се уредуваат условите, начинот и рокот на склучување на договорот за испорака на одреден вид енергија, начинот на пресметување и наплата на испорачаната електрична енергија, условите и начинот на обесштетување на корисникот на енергијата во случај на намалена испорака и прекин на енергијата, се наведуваат корисниците на кои не може да им се прекине електричната енергија и начинот на обезбедување гаранции за намирување на трошоците за потрошената енергија од овие корисници.

Во врска со испораката на електрична енергија се уште се применуваат дел од одредбите содржани во Условите за снабдување со електрична енергија донесени од Владата на Република Македонија во 2001 година. Според се уште важечките одредби од овие услови (поголемиот дел од одредбите од наведените услови престануваат да важат со Мрежните правила на „ЕВН“ донесени во 2008 година) на купувачот кој нема да ја плати сметката за потрошена електрична енергија 45 дена од денот на настанувањето на обврската продавачот може да му ја прекине натамошната испорака на електрична енергија. Во овие како и во другите одредби од Условите исто така не е предвидена можност за исклучување на цели региони и групи на потрошувачи само поради тоа што дел од потрошувачите не ги плаќаат сметките.

Исто така, Условите за снабдување со електрична енергија одредуваат дека секој потрошувач склучува договор за користење на електричната енергија во кој се утврдуваат меѓусебните права и обврски, па според тоа, ако едната страна ги исполнува своите обврски мора и другата страна да ги исполни обврските, освен во случаи предвидени со закон. Поради тоа, операторот е должен да обезбедува сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија на секој потрошувач кој редовно ги извршува своите обврски , при што не би требало да се допушти секое постапување на едната договорна страна надвор од законските услови.

Секој потрошувач, согласно склучениот договор со кој се воспоставува облигационо - правен однос одговара за своите обврски и само на потрошувачот кој нема да ја плати сметката за потрошена електрична енергија продавачот може да му ја прекине натамошната испорака на електричната енергија.

Според тоа, Народниот правобранител цени дека нема законски основ испораката на електрична енергија да им се запира и на потрошувачите кои редовно ги плаќаат нивните сметки и дека со колективното исклучување од електричната мрежа и на лицата што редовно ги плаќаат сметките се врши повреда на нивните права.

Меѓутоа и покрај ваквата законска регулатива со член 86 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РМ„ бр 83/2008 година) се предвидува дека операторот и дистрибутерот имаат право да извршат исклучување на група потрошувачи на определено подрачје, во случај кога исклучувањето на поединечен корисник не е можно поради физички загрозената безбедност на животот на овластените лица и имотот на операторот или на дистрибутерот, а органот на државната управа надлежен за заштита на јавниот ред и мир, по претходно писмено барање, не обезбедил безбедност на животот на овластените лица и имотот на операторот или дистрибутерот и тоа само кога загубите на електрична енергија на тоа подрачје се поголеми од износот на техничките загуби коишто ги признава Регулаторната комисија.

По повеќето интервенции „ЕВН“ го извести Народниот правобранител дека ќе продолжи со акцијата за сузбивање на кражбите на електрична енергија и зголемување на наплатата, што секако го прифаќа и Народниот правобранител, но притоа мора да се почитуваат правата на граѓаните кои ниту крадат, ниту го попречуваат плаќањето на електричната енергија, туку редовно ги извршуваат нивните обврски, па следствено на тоа треба и да ги остваруваат нивните права.

„ЕВН“ постојано тврди дека постапува согласно законската регулатива и дека колективното исклучување на електричната енергија го врши само како крајна мерка и тогаш кога при поединечното исклучување се загрозувала безбедноста на вработените од „ЕВН“ а органите за чување на редот и мирот не преземале мерки за заштита на безбедноста и имотот на „ЕВН“.

Според тоа, Народниот правобранител констатира дека со колективното исклучување на електричната енергија се повредуваат правата на потрошувачите кои редовно ги извршуваат своите обврски, а не добиваат електрична енергија. И покрај укажувањата и препораките на Народниот правобранител „ЕВН“ продолжува со колективно исклучување на цели региони и села, при што се опфаќаат и училишта, а тоа го загрозува и правото на децата на редовно и безбедно образование.

Имајќи го предвид изнесеното, согласно член 34 од Законот за народниот правобранител, Народниот правобранител ја информира Владата на Република Македонија за своите согледувања и ставови, за правната регулатива и за ставот на „ЕВН“, со барање сериозно да се разгледа овој проблем и да се преземат соодветни мерки за заштита на правата на граѓаните кои редовно ги исполнуваат обврските кон „ЕВН“ а се исклучуваат од електричната мрежа без нивна вина и одговорност.

За преземените мерки по доставената информација потребно е Народниот правобранител да биде известен најдоцна во рок од 15 дена.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Иџет Мемети**